РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
Бр. 02-254/2
16-2 2022 год.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 68, став 1, точка 42 од Статутот на Природно-математичкиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 464/2019 и бр. 464/21 - анекс), Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет – Скопје, постапувајќи по предлог - одлуката на Деканатската управа при Факултетот, бр. 02-254/1од 10.02.2022 година, на вонредната седница одржана со средства за електронска комуникација на 14.02.2022год., донесе

## О Д Л У К А

**за определување на роковите за запишување на летниот семестар во учебната 2021/2022 година**

1. Студентот може да го запише летниот семестар во учебната 2021/2022 година најдоцна до 25.02.2022 година без надомест за задоцнето запишување на семестарот.
2. Студентот кој не го запишал летниот семестар во учебната 2021/2022 година во определениот рок во член 1 од оваа одлука, тоа може да го стори во период од 28.02.2022 година до 31.03.2022 година, со поднесено барање со образложение и плаќање на надоместок за задоцнето запишување.
3. По истекот на рокот од член 2 на оваа одлука, на студентот нема да му биде дозволено запишување на летен семестар во учебната 2021/2022 година.
4. Барање за мирување на студиите студентот може да побара во роковите за упис на семестарот, но не подоцна од 31.03.2022 година.
5. Деканатската управа да ја утврди висината на надоместот за задоцнето запишување утврдено во точка 2 од оваа одлука.
6. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, врз основа на член 68, став 1, точка 42 од Статутот на Природно-математичкиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 464/2019 и бр. 464/21 – анекс ), на вонредната седница одржана со средства за електронска комуникација на 14.02.2022 година, поради определување на роковите за запишување на летниот семестар во учебната 2021/2022 година, донесе одлука како во диспозитивот.

Д Е К А Н

Проф. д-р Александар Скепаровски

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата;
- Институтите;
- WEB страницата на ПМФ
- Одделение за студентски прашања;
- Секретар на факултетот и
- Раководителот на Одделението за општи и правни работи и библиотечно работење.

Изработил Јадранка Стојчевска
Одобрил Васка Маневска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
Бр. 02-253/2
16-2 2022 год.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 68, став 1, точка 42 од Статутот на Природно-математичкиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 464/2019 и бр. 464/21 - анекс), Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет – Скопје, постапувајќи по предлог - одлуката на Деканатската управа при Факултетот, бр. 02-253/1од 10.02.2022 година, на вонредната седница одржана со средства за електронска комуникација на 14.02.2022год., донесе

# О Д Л У К А
## за определување на крајниот рок за дипломирање на студенти во зимскиот семестар од учебната 2021/2022 година

1. Студентите кои до 04.03.2022 година ќе одбранат дипломска работа се ослободуваат од запишување на летен семестар во учебната 2021/2022 година.

2. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, врз основа на член 68, став 1, точка 42 од Статутот на Природно-математичкиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 464/2019 и бр. 464/21 – анекс ), на вонредната седница одржана со средства за електронска комуникација на 14.02.2022 година, поради определување на крајниот рок за дипломирање на студенти во зимски семестар од учебната 2021/2022 година без запишување летен семестар, донесе одлука како во диспозитивот.

Д Е К А Н
Проф. д-р Александар Скепаровски

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата;
- Институтите;
- WEB страницата на ПМФ
- Одделение за студентски прашања;
- Секретар на факултетот и
- Раководителот на Одделението за општи и правни работи и библиотечно работење.

Изработил Јадранка Стојчевска
Одобрил Васка Маневска

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-313/1
17-2 2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 84 став 1 точка 3 од Статутот на Природно-математичкиот факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 464/2019 и 464/2021-анекс), постапувајќи по предлог на деканот, Деканатската управа на 15-та редовна седница одржана на ден 03.02.2022 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за определување на надоместок за задоцнето запишување на летниот семестар во учебната 2021/2022 година

1. Студентот кој нема да го запише летниот семестар во учебната 2021/2022 година во роковите утврдени со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот, истото ќе може да го стори во дополнително утврдениот рок со Одлука на Наставно-научниот совет, врз основа на поднесено барање со образложение и плаќање на надоместок за задоцнето запишување во износ од 1.000,00 денари.

2. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Д Е К А Н,

Проф. д-р Александар Скепаровски

Да се достави до:
- Архива;
- Раководител на Одделение за општи и правни работи и библиотечно работење;
- Деканатско досие
- Продекан на наставни и студентски прашања.